
Живот во Велес
ЗА СИТЕ
19
СДСМ
Аце
Коцевски



**Драги граѓани на Република Македонија,**

заедно ја освоивме слободата, ја ослободивме заробената држава, ги враќаме човечките и демократските вредности во нашиот живот. А, животот, мораме да го подобриме насекаде, и во моите Струмица и Муртино, и во Охрид, Прилеп, Тетово, Битола, Куманово, Струга, Штип, Арачиново, Конче, Баница, Ваташа, Ботун, Липково, Кучевиште, Оризари, Секирци, Мешеишта, Шишево... низ целата наша убава Македонија.

Домаќински ги намаливме трошоците на функционерите и обезбедивме вашите пари да ви се вратат вам преку поголема минимална плата, поголеми субвенции за земјоделците, преку новите политики за економски раст, поддршката за домашните фирми, преку укинување или намалување на разно-разните давачки.

Новата политика, е политика од збор. Новата политика значи служење на граѓаните, а не владеење. Промените се тука, и продолжуваат!

Ајде да ја продолжиме оваа наша заедничка акција наречена „Живот во секоја општина, живот за сите!“. Во секоја урбана и месна заедница, во секое маало. Заедно со вас и со нашите луѓе можеме да го направиме тоа.

Инфраструктура за сите - градиме по план, квалитетно, одговорно и домаќински. Здрава животна средина за сите – преземаме итни мерки за да обезбедиме чиста вода и чист воздух. Можности за сите - насочуваме повеќе пари кај општините, за да има повеќе пари за граѓаните.

Сето ова, во отворени и услужни општини.

Ја барам вашата поддршка, за да живееме добро и достоинствено сите, каде што сме родени, каде што учат нашите деца, каде што работиме, во современи општини, во нашата Република Македонија.

Прочитајте ја Програмата "Живот за сите", бидете горди и сигурни и на денот на изборите заокружете Живот во вашиот град, во вашето село.

**Прочитајте ја Програмата "Живот за сите", бидете горди и сигурни и на денот на изборите заокружете Живот во вашиот град, во вашето село.**

Ваш,

**Зоран Заев,**

**Претседател на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија**

Да се биде градоначалник на Велес е голема чест и огромна одговорност. Ве уверувам, дека ќе работам чесно и одговорно, со голема љубов и посветеност, дека ќе бидам градоначалник на сите, дека парите од буџетот ќе ги трошам строго наменски за вистинските приоритети. Ќе работам неуморно, за Велес пак да биде убаво и посакувано место за живеење, општина на среќни и задоволни граѓани, најдобра општина, општина без корупција, економски моќна, уредена и чиста, вистински сервис на граѓаните, општина со која сите ние ќе се гордееме.

За жал, скоро една деценија Велес не е успешна општина. Обременета е со илјадници проблеми и нерешени прашања. Велес денес е нечист, неуреден, град преполн со комунален смет, град без паркинзи, поразен, бесперспективен. Ништо од празните ветувања. Велес остана без атмосферска канализација, со лош сообраќај, без соодветна комунална инфраструктура. Многу нешта во Велес бараат нова енергија, нов порив.

Можеме многу да направиме ако работиме посветено и домаќински, ако пред очи секогаш ни се први граѓаните и нивната благосостојба. Ако вистински го сакаме својот Велес, можеме да го направиме убаво место за живеење и напредок. Велес може да биде вистинскиот центар на Македонија и повторно да се воздигне како град на преродбата и еснафот.

За секој проблем има решение, за секој предизвик има потенцијал. Велес повторно ќе биде општина за пример, повторно ќе расте, ќе добие нови решенија, нови простори, содржини што секој граѓанин ќе ги чувствува како свои и драгоцени. Искрено верувам дека заедно сме посилни и дека заедно ќе го оправдаме аманетот на нашите предци кои умееле да се вложат во својот Велес. Време е желбите, визиите и соништата да ги преточиме во реалност, време е за промени. Ве повикувам да ги поддржите докажаните вредности, да ја поддржите оваа програма создадена од Вас за Вас, за сегашните и идните генерации, за нашиот Велес.



> **Велес може да биде вистинскиот центар на Македонија и повторно да се воздигне како град на преродбата и еснафот.**



**Чесно, искрено и посветено
во интерес на сите граѓани,
за поубав Живот во Велес,
за поубав Живот за сите нас.**



## СОВЕТНИЧКА ЛИСТА НА СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИОТ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА И КОАЛИЦИЈАТА ЗА ОПШТИНА ВЕЛЕС

1. **Ненад Коциќ**
2. Душко Петров
3. Весна Стојанова Богоевска
4. Кирил Гајдов
5. Менсур Бачевац
6. Вероника Ивановска
7. Маја Хеско
8. Максут Бакиовски
9. Стево Крстевски
10. Пандорка Лазаровска Прличкова
11. Миле Нацев
12. Марко Илиев
13. Маја Стојанова
14. Ахмед Аљуш
15. Зоран Ѓуровски
16. Александра Петрушевска
17. Златко Малинов
18. Емил Трчков
19. Надица Калаузарова
20. Дијана Јаневска
21. Љубенчо Ристов
22. Грозданка Анева Ѓорѓиевска
23. Благој Костов

# ГРАДИМЕ ПО ПЛАН
## ИНФРАСТРУКТУРА ЗА СИТЕ

- Ја приспособуваме целата постојна урбана и рурална инфраструктура да биде во функција на потребите на граѓаните.
- Градиме одговорно, квалитетно и домаќински, за секој граѓанин да добие решение кое ќе му го подобри животот во неговата средина.
- Новите локални власти носат планови и проекти за патишта, улици, канализации, водоводи, градинки, училишта, спортски терени и гасна мрежа.
- Ги намалуваме разликите помеѓу градските и селските средини.
- Градиме по план, обезбедуваме инфраструктура за сите.





# ЧИСТА ВОДА И ЧИСТ ВОЗДУХ

## ЗДРАВЈЕ ЗА СИТЕ

- Обезбедуваме чиста и здрава вода за пиење и чист воздух, зашто тие се клучни за здравје и за живот. За нас ништо не е поважно од здравјето на луѓето.
- Граѓаните се јасни и сериозни во своите барања, а ние одговорно го слушаме и го разбираме крикот за чиста животна средина.
- Создадовме план и проекти за зголемен капацитет и за професионална услуга на јавните комунални претпијатија, преку намалени трошоци за граѓаните.
- Се обврзавме постојано и навремено да ги чистиме депониите и каналите, да вложуваме во колекторски системи, пречистителни станици, регионални фабрики за третман на цврстиот комунален отпад и во енергетски ефикасни објекти.
- Обезбедуваме услови за здрав живот за сите.

# ПОВЕЌЕ ПАРИ ЗА ГРАЃАНИТЕ
## МОЖНОСТИ ЗА СИТЕ

- Ја активиравме спиралата на покачување на платите. Носиме директна поддршка за домашните фирми, пред сѐ малите и средните претпријатија.
- Обезбедуваме повеќе пари за општините, а со тоа и повеќе можности и повеќе пари за секој граѓанин на локално ниво.
- Обезбедуваме еднакви услови и за странските инвеститори.
- Вложуваме во младите, отвораме центри за отпочнување и развој на бизниси.
- Ги здружуваме бизнисите, општината и граѓаните, со единствена цел – нови и подобро платени работни места.
- Ја вклучуваме бизнис заедницата во дефинирање на приоритетите на општината и воведуваме бизнис форуми како редовна активност за проектирање и следење на локалниот економски развој.
- Посветената и одговорна работа ги носи парите директно кај граѓаните.





## ОТВОРЕНА И УСЛУЖНА
ОПШТИНА ЗА СИТЕ

- Ја отвораме локалната самоуправа за да може секој граѓанин да добие навремени, квалитетни и евтини услуги.
- Ја враќаме моќта на месните и урбаните заедници, ги опремуваме со технички услови и го зајакнуваме нивниот правен статус.
- Граѓаните ќе ги добијат сите потребни услуги на едно место, и од органите на локалната, и од органите на централната власт во современи центри за услуги.
- Воведуваме електронски систем на услуги и мобилни канцеларии кои ќе нудат услуга во секое село.
- Ги вклучуваме граѓаните во креирањето на буџетот, во носењето одлуки и во контролата на власта.
- Буџетските средства ќе се користат строго наменски, транспарентно, домаќински и одговорно, преку редовно известување за сработеното.
- Обезбедуваме ефикасен јавен превоз, пријатни детски градинки, чисти и загреани училишта. Обезбедуваме поддршка и помош за најзагрозените семејства и за лицата со посебни потреби.
- Ги поддржуваме и поттикнуваме сите демократски механизми како петиции, претставки, граѓански иницијативи, собири на граѓани и референдуми.
- Воведуваме нов модел на отворена и услужна локална самоуправа – општина за сите.

# НОВИТЕ ПОЛИТИКИ НА НОВИОТ ГРАДОНАЧАЛНИК



## ПРИНЦИПИ НА РАБОТА

Вашето задоволство како корисници на услугите на општината е двигател на мојата работа. Затоа, општината ќе биде насочена кон Вас, граѓаните. Вие секогаш ќе бидете во центарот на вниманието со Вашите потреби, барања и проблеми. Ќе ми биде чест да Ви служам вам, на граѓаните на Велес. Секогаш ќе се трудам услугите да ги добиете во најкраток можен рок, со најдобар можен квалитет. Независно дали се работи за одобрение за градба, комунална услуга во надлежност на општината или реализацијата на проект, секогаш ќе тргнувам од Вашите потреби.

Како Градоначалник на Велес, во работата ќе се раководам според следните принципи:

### ЕДНАКОВ ПРИСТАП КОН СИТЕ ГРАЃАНИ

Ќе бидам градоначалник на сите граѓани, без разлика на Вашата етничка, верска или партиска определба и без разлика на Вашата социјална, полова или старосна припадност,

## ВИЗИЈА

**Мојата визија е Велес да биде убава, посакувана општина за живеење, просперитетна и економски развиена. Отворена, европска општина, со високи вредности и стандарди, современа, напредна општина, со достоинствен живот. Општина по мерка на своите граѓани, во која граѓаните ќе бидат во центарот на вниманието, со нивните барања, потреби и проблеми, општина со која сите граѓани ќе се гордеат. Општина на задоволни и среќни граѓани, која ќе ги користи сите креативни и интелектуални потенцијали во создавањето подобра иднина за новите генерации. Општина, во која младите ќе сакаат да останат, да создаваат и да ги градат својата сегашност и иднината.**

## ОДГОВОРНОСТ

Со општината ќе раководам одговорно, чесно, домаќински и со голема посветеност.

## СОРАБОТКА

Раководејќи се од девизата „Мојот успех е и Ваш успех", а со цел да се искористат креативните, човечки потенцијали, ќе воспоставам добра работна атмосфера со членовите на советот и вработените во: општинската администрација, јавните претпријатија, стопанствениците, општинските установи и невладините организации. Ќе воведам нови форми на соработка со граѓанскиот сектор и ќе ја отворам општината за Вашите идеи и предлози.

## КВАЛИТЕТНИ УСЛУГИ

ќе ги подобрам постојните и ќе воспоставам стандарди за ефикасна и ефективна локална самоуправа. Воведувањето на највисоките меѓународни стандарди ќе овозможи секогаш услугата да ја добиете навреме, на едно место, без да талкате по институции. И да добиете услуга со највисок квалитет. Секогаш ќе се стремам мотото „Задоволни граѓани – наша цел" наместо празна реченица на хартија да стане препознатлив знак на Општина Велес и дома и во странство. Ќе воспоставам високи етички стандарди затоа што тоа го заслужувате. Администрацијата да работи за Вас граѓаните и соодветно да одговори на сите Ваши барања.

Посебно ќе се заложам:

- Вработените во администрацијата да бидат мотивирани и високо обучени за реализација на европски и меѓународни проекти, да поседуваат соодветни знаења за работните места и вештини за користење на расположливите фондови, да поседуваат аналитички способности и способности за тимска работа;
- Со цел да обезбедам максимална отвореност на општината и насоченост кон граѓаните за првпат во Македонија ќе основам локален граѓански совет во кој ќе членуваат сите активни и докажани граѓански организации. Нивното мислење, нивните идеи и нивната волја да учествуваат во создавањето на поубав, посреќен Велес ќе биде секојдневен поттик за развој на општината.

# МИСИЈА

**Велес пак да биде најдобра општина во Македонија, со О корупција, со брзи, навремени, достапни и квалитетни услуги за своите граѓани, со квалитетно образование, социјална сигурност, со заштитена и уредена животна средина, со соодветни сообраќајни решенија и урбани пејзажи, што ќе му ја вратат убавината на градот – стожер на македонската култура и преродба. Тоа ќе го постигнеме со високи етички стандарди, со чесно, одговорно и домаќинско работење, со голема љубов и посветеност.**

- Граѓаните од урбаните и месните заедници ќе бидат вклучени во сите работи од нивни интерес во сите проектни фази, почнувајќи од планирање, развој, донесување одлуки, реализација, контрола и оценување на квалитетот;
- Општина Велес ќе ги користи сите можности на информатичката технологија, за осовременување, подобрување и поедноставување на административните постапки.
- Велес ќе биде меѓу првите македонски општини со воведени меѓународни стандарди што га-

рантираат одличност во работата на администрацијата (Новиот ISO 9001:2015 кој обезбедува квалитет на услугите за граѓаните, ISO 14001:2015 кој обезбедува заштита на животната средина, ISO 27001:2013 кој ја гарантира безбедноста на информациите) и други меѓународни стандарди што Општина Велес ќе ја направат сигурен партнер за развој на меѓународни проекти и привлекување инвестиции.

- За првпат во Македонија ќе го трансформираме јавниот комунален сектор со што ќе ги подобриме услугите за граѓаните. Ќе се прошири опфатот на јавните претпријатија, ќе се зголеми нивната ефикасност, ќе се намалат загубите на вода, а средствата од наплатата економично ќе се користат за развој на нови проекти и квалитетни услуги за граѓаните на Општина Велес.
- Со цел да се искористи потенцијалот на младите, активно ќе ги вклучиме во работата локалната самоуправа. Преку Младински совет, проектни тимови и други форми на организација, ќе ги поттикнеме младите  да ја вложат својата енергија и идеи во развојот на Велес, активно да ги следат состојбите, да се вклучат во решавањето на проблемите и да станат двигател на иднината на Велес. Самите ќе имаат можност да креираат политики за остварување на интересите и потребите на младите и нивна полесна интеграција во локалната заедница.
- Со цел сите институции и органи да придонесат во развојот на Велес ќе работиме заедно и со Гарнизонот на АРМ, МВР, органите на централната власт и правосудните органи, МПЦ, ИВЗ, ЗБНОБ и други институции и организации кои имаат свои претставништва во Велес.

## ПРИОРИТЕТНИ ЦЕЛИ

**Најважни задачи ќе ми бидат:**

- Реализацијата на нови капитални проекти што ќе го подобрат нашиот живот и ќе му ја вратат убавината на Велес
- Успешно извршување на надлежностите на општината по области доверени со закон и обезбедување на квалитетни и навремени услуги на граѓаните и бизнис секторот.
- Обезбедување квалитетни комунални услуги, чист град со убави плоштади, паркови и зеленило.
- Квалитетно образование. Убави, чисти и загреани училишта и градинки во кои децата ќе се чувствуваат пријатно и безбедно. Квалитетен и безбеден превоз на учениците до училиштата и до дома.
- Подобрување на условите за живеење во руралните средини.
- Помагање на лицата кои заради тоа што се сиромашни или невработени не се одлучуваат да склучат брак.
- Обезбедување помош на најзагрозените семејства, на лицата со посебни потреби и на сите граѓани на кои им е потребна помош (бездомници, деца од улица, лица изложени на семејно насилство, зависници од дрога и психотропни супстанци, лица лекувани од алкохолизам). Обезбедување помош за стари и изнемоштени лица за нега во домашни услови и набавка

на лекови како и за лекување на тешко болни лица и за надоместување на штети настанати од пожари или елементарни непогоди.

- Давање поддршка и помош на народна кујна за обезбедување топол оброк за лицата на кои тоа им е потребно.
- Обезбедување на услови за развој на културата и уметноста. Богата понуда на културни и уметнички содржини. Заштита на културното наследство и развој на туризмот. Негување на традицијата, јазикот и обичаите на немнозинските заедници во општината.
- Продолжување на битката за здрава животна средина со сите законски средства во партнерство со невладините организации во „Зелената коалиција“. Трансформација на Велес во вистински зелен град, опкружен со зеленило и живот што ќе придонесе за попријатна клима за сите граѓани.
- Поддршка и помош на масовниот спорт, училишните спортови и спортските клубови. Поддршка за враќање на ФК „Борец“ и клубовите од другите спортови во елитните лиги на натпреварување.

**Посебен приоритет ќе ми биде создавањето на услови за отворање работни места и намалување на сиромаштијата преку :**

- подобрување на локалната бизнис клима,
- проширување и доизградба на инфраструктурата во индустриските зони „Речани 2“, „Узус“, „Порцеланка“, „Караслари“ и „Мамутчево“,
- продажба на локации за индустриски објекти по почетна цена од 1Е/м2 и делумно или целосно ослободување од „комуналии“ за изградба на производни погони,
- воспоставување на нови форми на соработка со домашните мали и средни претпријатија како носители на економскиот развој и нивно активно вклучување во развојот на Велес.
- преземање мерки за вработување (јавни работи, преквалификација, доквалификација, усовршување, самовработување, поддршка на прием за вработување на млади и жени),
- нови програми за професионална ориентација со цел младите стручни кадри да најдат работа во Велес во постојните претпријатија.
- доизградба на инфраструктурата, уредување на крајбрежниот појас на езеро Младост и креирање на атрактивни локации во Велес за развој на транзитниот туризам кој има потенцијал да отвори нови работни места и да донесе нова свежина во економскиот растеж на градот.
- развој на винскиот туризам
- организирање на континуирани обуки за доквалификација, преквалификација и стекнување на нови знаења и вештини за невработени лица,
- обезбедување на средства за социјални трансфери за најзагрозените семејства.
- реализација на проекти за поддршка на еснафот, враќање и развој на традиционалните занаети во Велес и нивна достојна промоција
- ревитализација на старата велешка архитектура како препознатлив знак на Велес и двигател на новиот развој на туризмот.

# ОПШТИНАТА ЗА СИТЕ НАС

**За децата:**

Градинки во кои децата ќе се чувствуваат пријатно и безбедно, во обновени објекти и простори за играње на отворено, со соодветни играчки и помагала и со безбедна, квалитетна и здрава храна. Градинките активно ќе бидат вклучени во заложбите за развој на еколошки чиста и развиена општина, преку интерактивни програми и настани, организирани од општината, со цел да се изградат креативни и напредни генерации. Еден од најголемите приоритети ќе биде отворањето детски градинки во најголемите села, со што ќе се подобрат услугите, ќе се обезбеди еднаков пристап на граѓаните до услугите во социјалната сфера и, најважно од сé, ќе се задоволат потребите на граѓаните во руралните средини.



**За учениците:**

Општина Велес ќе работи на континуирано подобрување на условите за квалитетно образование. Обновени, убави, чисти и загреани училишта, реконструирани спортски сали, со соодветна опрема, уредени училишни дворови. Со максимална искористеност на мерките за енергетски ефикасни училишта. Безбедна, квалитетна и здрава исхрана. Квалитетен и безбеден превоз на учениците и на вработените до училиштата и до домовите. Посебно внимание ќе му биде посветено на вклучувањето на учениците во европските проекти за училишна размена. Младите генерации на Велес ќе добијат достојни и пријатни услови за образование и преку различни програми ќе бидат активно вклучени во развојот на Велес.



## За младите:

Со цел да се искористи потенцијалот на младите, активно ќе ги вклучиме во работата на локалната самоуправа. Преку младински совет, проектни тимови и други форми на организација, ќе ги поттикнеме младите да ги вложат својата енергија и идеите во развојот на Велес, активно да ги следат состојбите, да се вклучат во решавањето на проблемите и да станат двигател на иднината на Велес. Тие ќе имаат можност сами да креираат политики за остварување на своите интереси и потреби и нивна полесна интеграција во локалната заедница. Општина Велес, во соработка со НВО, ќе отвори Креативен младински центар кој ќе биде центар на младешката енергија, на иновациите и социјалните акции за изградба на поубав и поуспешен Велес. Младите ќе бидат вклучени во значајни меѓународни проекти и континуирано, преку активности, ќе се обучуваат за искористување на европските и, воопшто, на сите расположливи меѓународни фондови. Младите ќе станат вистински двигател на иднината на Велес.



## За пензионерите:

Преку реализација на низа проекти, општина Велес ќе им овозможи на пензионерите, во зависност од нивното професионално искуство, да бидат активно вклучени во развојот на општината. Стручните пензионери ќе бидат вклучени во работата на Младинскиот креативен центар и ќе им ги пренесат своето искуство и знаењето на младите. Општината ќе се грижи за континуирано подобрување на условите во пензионерските домови и ќе овозможи континуирана помош за



старите и немоќни лица. Во соработка со Црвениот крст, ќе се обезбедат помош при набавка на храна и лекови, пристап до здравствените и административните услуги. Велес ќе развие „Програма за пензионери-волонтери“, во различни активности, организирани од општината. Преку проекти за набавка на енергетски ефикасни возила, општината ќе обезбеди транспорт за пензинерите на подрачјето на Велес и за организација на екскурзии низ Македонија. Општината ќе ги преземе сите неопходни мерки пензионерите да се чувствуваат корисни за локалната заедница и да бидат активни чинители во развојот на Велес.

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ИЗГРАДБА НА ТРГОВСКО-ДЕЛОВЕН ЦЕНТАР „ГРАДСКИ ПАЗАР“

Постојниот градскиот пазар е во многу лоша состојба, неуреден и запоставен. Недостига соодветно урбано решение. Затоа е неопходно итно подобрување на условите како за производителите на земјоделски производи и продавачите, од една страна, така и за граѓаните-купувачи, од друга страна. Општина Велес ќе обезбеди соодветен објект според највисоките меѓународни стандарди кој, од една страна, ќе ги задоволи сите просторни потреби на засегнатите целни групи, а од друга страна, ќе овозможи креирање нов урбан пејзаж во овој дел од градот и заштита на животната средина. Составен дел на новиот објект покрај покриениот градски пазар ќе бидат и деловните простории и паркинг-просторот. Објектот ќе биде пристапен за граѓаните со посебни потреби.

Трговско-деловниот центар „Градски пазар“, во огромна мера, ќе го подобри квалитетот на живеењето на многу граѓани – купувачи, производители и трговци. Од друга страна, ќе го реши проблемот со доставување производи и проблемот со паркирање на возилата во тој дел од градот. Проектот ќе придонесе за создавање на уредена, функционална и чиста животна средина, во овој дел од градот.

**Целна група: Сите граѓани, купувачи, производители на земјоделски и сточарски производи и продавачи на земјоделски, сточарски и други производи.**

**Рок: 2018 година**



# КАТНА ГАРАЖА ВО ЦЕНТАРОТ НА ВЕЛЕС

Паркирањето и гаражирањето возила, особено во централното градско подрачје, е огромен проблем. Во центарот се наоѓаат Основен суд, Јавно обвинителство, Управа за јавни приходи, Централен регистар, повеќе банки, адвокатски, нотарски и извршителски канцеларии, трговско-деловни објекти, како и хотелот. Многу граѓани и правни лица секојдневно се упатени да добиваат услуги или да остваруваат одредени права, во централното градско подрачје. Недостигот од паркинг-простор секојдневно создава сообраќаен хаос и ги иритира граѓаните. Затоа е неминовно брзо решавање на проблемот.

Реализацијата на проект за изградба на катна гаража, со користење мерки за енергетска ефикасност, ќе придонесе за решавање на овој горлив проблем и ќе ги задоволи потребите на граѓаните за соодветен простор за гаражи во централното градско подрачје.

**Целна група: Сите граѓани и правни субјекти**

**Рок: Втора половина на 2018 -та година и прва половина на 2019 – та година**



# ГАСИФИКАЦИЈА НА ВЕЛЕС



Република Македонија премногу доцни со изградба на гасоводен систем, поради што граѓаните, јавните институции и стопанските субјекти, се принудени да користат скапи енергенси. Тоа го прави животот поскап, а стопанските субјекти, неконкурентни, на домашниот и на меѓународниот пазар, поради користењето скапа енергија. Недостигот од поевтини и од леснодостапни енергенси е една од најчестите причини што ги одбива инвеститорите и негативно влијае на локалниот економски развој. Решение на проблемот е неопходно, не само за бизнис-секторот и јавните институции туку, долгорочно, и за сите граѓани на Велес.

Со изработка на студија, техничка документација и со изградба на дел од примарната гасоводна мрежа, во првата фаза, стопанските и јавните субјекти, а во втората фаза, и домаќинствата ќе добијат многу поевтин енергенс. Со тоа, граѓаните и јавните институции ќе заштедат прилично финансиски средства, а стопанството ќе биде многу поконкурентно поради заштедите во однос на трошоците за енергија. Проектот ќе претставува конкретен стимул за динамичен локален економски развој и за подобрување на социјалната сигурност на граѓаните.

**Целна група: Во првата фаза, стопанските и јавните субјекти, а во втората фаза, и граѓаните на Велес.**

**Рок: 2018-2021 година**



# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## СОБИРНИ КАНАЛИ ЗА АТМОСФЕРСКИ ВОДИ НА УЛ „ЉУБЉАНСКА“, УЛ. „КИРОЃУЧУК“ И УЛ. „КОСТУРСКА“

Поради конфигурацијата на теренот, атмосферските води, што се слеваат од ридовите на главните улици, се голем проблем. При секој поголем пороен дожд, поради оголеното сливно подрачје и ерозијата на оголените терени над Велес, големи количини вода, со песок, чакал и земја, се слеваат на улиците. Наносите постојано ја оштетуваат сообраќајната инфраструктура и го отежнуваат движењето на граѓаните. Воедно, создаваат дополнителни трошоци за комуналното претпријатие. Како едно од најгорливите прашања со кои се соочуваат велешани, проблемот бара итно решавање и надминување на состојбите.

Со изградба на собирни канали на улиците „Љубљанска“, ул. „Киро Ќучук“ и ул. „Костурска“, ќе се реши огромен децениски проблем на голем број граѓани на Велес, така што ќе се подобри и квалитетот на живеењето и ќе се подобри животната средина.

**Целна група: Граѓаните на Велес**

**Рок: 2018-20218 година**

## ГРАДЕЖНИ ЗАФАТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СООБРАЌАЈОТ ВО ВЕЛЕС

Поради сѐ поголемиот број моторни возила, тесните и стрмни улици и недостигот од паркинг-простор, отежнато е одвивањето на сообраќајот. Особено е хаотично одвивањето на сообраќајот кон црквите „Св. Спас“ и „Св. Пантелејмон“. Конфигурацијата на теренот дополнително го отежнува одвивањето на сообраќајот и секојдневно им создава проблеми на граѓаните. Неопходни се соодветен пристап и решение што ќе го олеснат одвивањето на сообраќајот во овој дел од градот и ќе го олеснат пристапот на граѓаните до стрмните и повисоки локации.

Со сообраќајна студија, ќе се понудат најдобрите решенија за еднонасочно одвивање на сообраќајот по некои улици и со современо вкрстување со реконструкција на крстосници, со кружен тек на сообраќајот.

**Целна група: Сите граѓани на Велес**

**Рок: 2018-2021 година**

## РЕГУЛАЦИЈА НА ДЕЛ ОД КОРИТОТО НА РЕКАТА ВАРДАР

Велес е еден од ретките поголеми градови во кој не е регулиран речниот тек ниту во централното градско подрачје. Тоа предизвикува проблеми при висок водостој на водите, а и остава многу лош впечаток поради неуреденоста на крајбрежниот појас на реката Вардар, во централното градско подрачје. Недостигот од уреден кеј, од двете страни на Вардар, оневозможува максимално искористување на урбаниот простор за реализација на нови проекти со кои би се изградиле соодветни објекти и би се вратил животот во овој дел од градот.

Со фазно продолжување со изградбата на регулацијата на реката Вардар, ќе се регулира текот на водите, ќе се спречи поплавување на ниските зони во централното градско подрачје, градот значително ќе се разубави, а ќе се создадат можности за развој на угостителски, забавни и занаетчиски дејности.

**Целна група: Сите граѓани на Велес**

**Рок: 2018-2021 година**

## НОВА ПОДЗЕМНА ИНФРАСТРУКТУРА И АСФАЛТИРАЊЕ УЛИЦИ ВО ИЗ „УЗУС“ И ВО ДРУГИ ИЗ

Индустриската зона „УЗУС“ многу години е запоставена, иако во нејзиниот состав постојат поголем број индустриски и деловни објекти во кои се вработени голем број работници. Потребно е да се изградат подземни инфраструктурни мрежи и да се изградат сообраќајниците, за да се подобрат условите за водење бизнис. Паралелно, ќе се продолжи со изградба на инфраструктурата и во другите постојни индустриски зони.

Со изградба на водоводни, канализациони мрежи и на други подземни инсталации, а особено со асфалтирање на улиците, значително ќе се подобрат условите за работа на стопанските субјекти, лоцирани во ИЗ „УЗУС“ и во другите зони, ќе се привлечат нови инвеститори, така што ќе се отворат нови работни места.

**Целна група: Голем број стопански субјекти и голем број граѓани**

**Рок: 2019 година**

## НОВ ИЗГЛЕД НА ОБЈЕКТИТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНАТА, ЗА СОЦИЈАЛНИ ФУНКЦИИ

Општината е сопственик на неколку објекти што немаат соодветна функција. По одлуките за намена на просторот и по изготвувањето на проектите за реконструкција, адаптација и ентериерно уредување и опремување, ќе се создадат услови за најсоодветно користење на просторот. Општината мора, што поскоро, да ја изврши својата обврска, за да се овозможат услови за живеење.

Со реконструирање, адаптирање, ентериерно уредување и опремување на објектите, ќе се создадат услови за станбен простор за пензионери, за кино-сала и за дневни центри за згрижување на повеќе категории ранливи групи на население.

**Целна група: Голем број граѓани**

**Рок: 2018-2021 година**

## КОЛЕКТОРСКИ СИСТЕМ И ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ОТПАДНИ ФЕКАЛНИ ВОДИ ВО ВЕЛЕС

Велес е еден од градовите кој, во голема мера, ја загадува реката Вардар и влијае на загаденоста која го наадминува катастрофалниот 5 степен. Фекалните води од домаќинствата, јавните и деловните објекти, непрочистени се испуштаат во реката Вардар. Покрај непријатната мириз-ба и огромното загадување на животната сре-дина, проблемот создава големи здравствени ризици, го оневозможува риболовот и, воопшто, традиционалниот живот на велешани, поврзан со Вардар. Неопходно е да се искористат сите расположливи европски фондови, за да се реши овој горлив проблем на граѓаните на Велес и Македонија.

Со изградба на колекторски системи и со една голема или со повеќе помали пречистителни станици за третман на отпадните фекални води, трајно ќе се реши проблемот со загадувањето на реката Вардар од фекалните води. Проектот ќе овозможи исполнување на европските стан-дарди за заштита на животната средина во ур-баните подрачја.

**Целна група: Сите граѓани**

**Рок: 2019-2020 година година**

## РЕГИОНАЛНА ФАБРИКА ЗА ПРЕРАБОТКА НА ЦВРСТИОТ КОМУНАЛЕН ОТПАД СО ПРЕТОВАРНА СТАНИЦА

Цврстиот комунален отпад е еден од најсериозните и најтешки проблеми за решавање. Постојната депонија не ги задоволува не-опходните стандарди и ги загадува околината и подземните води. Неопходен е системски пристап во решавањето на проблемот: од една страна, создавање регионална депонија, со примена на про-верени европски практики, а од друга страна, набавка на соодвет-ни контејнери за рециклирање и за едукација на населението од најмала возраст.

Единствено исправно и економски оправдано решение е изградба на регионална фабрика за општините од Повардарскиот регион, во која ќе се транспортира, ќе се преработува и ќе се депонира цвр-стиот комунален отпад. Во секоја општина, ќе се изградат прето-варни станици, во кои ќе се собира, ќе се селектира, ќе се рецик-лира и ќе се збива комуналниот отпад и потоа ќе се транспортира до регионалната депонија. Истовремено, со реализацијата на ка-питалниот проект, граѓаните ќе се едуцираат за селектирање на отпадот преку кампањи и едукативни содржини, во градинките и училиштата. Реализацијата на проектот ќе придонесе за отворање нови работни места и за заштита на животната средина, согласно со највисоките европски стандарди..

**Целна група: Сите граѓани на општина Велес и Вардарскиот плански регион**

**Рок: 2020-2021 година**

## ГРАДСКИ ПАРКИНЗИ НАД ЖЕЛЕЗНИЧКИТЕ ПРУГИ ВО ВЕЛЕС

Недоволниот број паркинг-места, не само во централното градско подрачје туку и во другите делови од градот, е сериозен проблем. Низ градот поминуваат неколку краци на железнички пруги кон Битола, Гевгелија и Кочани. Постојат можности, врз основа на проверени искуства од други градови во светот, за искористување на просторот над пругите на делниците што се во усек. Со изградба на паркинзи над делови од краците на железничките пруги до паркингот наспроти градската библиотека, во близина на општината и пред тунелот на пругата кон Битола, ќе се создадат голем број паркинг-места, со што ќе се ублажи проблемот со паркирањето, ќе се подобри квалитетот на живеењето, просторот ќе се уреди и ќе се разубави, а ќе се создадат и можности за изградба на деловен простор и на нови зелени површини.

**Целна група: Сите граѓани на Велес**

**Рок: 2018-2021 година**

## САТЕЛИТСКАТА НАСЕЛБА „ЕЗЕРО МЛАДОСТ“ СО НОВА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА И СО АСФАЛТ

Во сателитската населба, покрај езерото „Младост“, интензивно се градат викенд-куќи. Општината доцни со изградбата на комуналната инфраструктура, иако инвеститорите уредно го платиле надоместокот за уредување на градежното земјиште. Општината мора, што поскоро, да ја изврши својата обврска, за да се овозможат услови за живеење. Со доизградба на комуналната инфраструктура и со асфалтирање на улиците, сателитската населба ќе прерасне во атрактивна населба за викендување или за живеење.

**Целна група: Сите граѓани – сопственици на објекти и локации**

**Рок: 2018-2020 година**

## МАЛИ ХИДРОЕЛЕКТРАНИ НА ЦЕВКОВОДОТ НА ХС „ЛИСИЧЕ“

Цевководот на ХС „Лисиче“ е изграден со средства од самопридонес на граѓаните на Велес. Оттаму произлегува правото, општина Велес, во партнерство со Владата на Р. Македонија, да го искористи потенцијалот за производство на електрична енергија која, на пазарот, е сѐ подефицитарна и поскапа.

По пат на концесија, или со јавно приватно партнерство, ќе се изградат неколку мали хидроелектрани. Веќе има заинтересирани фирми од енергетската област. Со финансиските средства што ќе се добијат, може да се доградат цевководот за дотур на вода до езерото „Младост“ и за наводнување на земјоделските површини, така што ќе се постигнат повеќе ефекти.

**Целна група: Сите граѓани на Велес и пошироко, како и земјоделски стопанства**

**Рок: 2018-2029 година**

## ПЕШАЧКИ НАДВОЗНИК ОД МЛАДИНСКИОТ ПАРК ДО СПОРТСКАТА САЛА „ГЕМИЏИИ“

Движењето од Младинскиот парк до Градскиот парк е небезбедно. Непостоењето на безбедна пешачка врска оневозможува поголем број лица да го користат Градскиот парк, така што тој останува недоволно искористен за спортски и за забавни активности.

Со изградба на пешачка патека од Младинскиот парк до Градскиот парк, преку улицата „Алексо Демниевски“ и преку железничката пруга кон Гевгелија и Кочани, ќе се обезбеди безбедна врска, така што Градскиот парк, Градскиот фудбалски стадион и спортската сала „Гемиџии“, ќе бидат со зголемена посетеност. Дополнително, ќе се создадат предуслови за развој на угостителски, медицински и културно-забавни содржини, во поттрибинскиот простор на стадионот и во околината на спортската сала. Со создавањето нови услови за културно-забавен живот, станбените згради ќе се ослободат од бучавата на кафулињата и угостителските објекти, кои ќе можат да работат во нови услови, подалеку од местата за живеење, што е востановена практика во европските земји.

**Целна група: Голем број граѓани на Велес**

**Рок: 2019 година**

## ВЕЛЕС НА КЕЈ

Со проектот се предвидува изградба на повеќе содржини, пред сѐ со елементи од старата велешка архитектура, во крајбрежниот појас на р. Вардар, во централното градско подрачје, покрај Железен мост и во Градскиот парк. Пред сѐ угостителски објекти, објекти за забава и занаетчиски објекти. Предвидена е и изградба на воденица, што би било атракција за посетителите. Перспективно, со довршување на регулацијата на коритото на р. Вардар, ќе се создадат можности за поврзување со пешачка патека на Градскиот парк со паркот кај Железен мост и со централното градско подрачје.

По завршувањето на регулацијата на реката Вардар, ќе се создадат услови за искористување на огромните можности што ги има крајбрежниот појас на реката Вардар, за развој на угостителски, занаетчиски и забавни содржини. Проектот ќе создаде нов урбан пејзаж, ќе го поттикне развојот на туризмот и ќе го врати животот во делот од градот што некогаш беше центар на еснафот.

Целна група: **Сите граѓани на општина Велес**

**Рок: 2020-2021 година**

## ВЕЛЕС – ГРАД БЕЗ АЗБЕСТ

Во одредени делови на градската водоводна мрежа, сѐ уште има линии од азбестни цевки кои се штетни за здравјето на граѓаните. Ќе направиме целосна смена на водоводните цевки, замена на старите азбестни со нови пластични цевки.

Со изградба и реконструкција на водоводните линии од азбестноцементни цевки ќе се отстранат опасностите за здравјето на граѓаните, така што ќе се подобрат условите за живеење.

Целна група: **Граѓани кои живеат во високите зони од градот.**

**Рок: 2018-2019 година**

## ТРГОВСКО-ДЕЛОВЕН ОБЈЕКТ „ГРАДСКИ СААТ“

Просторот под Градскиот саат, во централното градско подрачје, е целосно неуреден и остава многу лош впечаток за целокупната слика за градот Велес. На истиот простор, со добро осмислување, може да се создадат можности за деловни, трговски и паркинг-содржини, така што просторот ќе добие нов лик.

Со изградба на трговско-деловниот објект „Градски саат“, градот Велес ќе добие убав, современ објект и неопходен паркинг-простор. Проектот ќе овозможи создавање урбана целина, соодветно вклопена во постојниот урбан пејзаж и ќе го разубави централното подрачје на Велес. Воедно, проектот ќе стимулира економски развој и отворање нови работни места.

**Целна група: Сите граѓани на Велес**

**Рок: 2020 година**

## ЕНЕРГЕТСКО-ЕФИКАСНИ ПОКРИВИ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ И УЧИЛИШТА

Дел од основните и средните училишта и детските градинки, не се енергетски ефикасни и имаат штетни азбестно-цементни покриви, затоа што не се заменети старите прозорци и врати, не се реконструирани покривите и тополоводните системи и тие немаат термоизолациски фасади. Тоа особено предизвикува голема загуба на топлинската енергија во зимските месеци и недоволно добри услови во летните месеци.

Со соодветни зафати за реконструкција, условите за престој на децата во детските градинки и условите за изведување настава во училиштата, значително ќе се подобрат. Заради енергетската ефикасност што ќе се постигне, ќе се заштетадат значителни финансиски средства што ќе се вложат во подобрување на квалитетот на престојот на децата во градинките и квалитетот на наставата во училиштата. Со замена на штетните азбестноцементни покриви, ќе се избегнат опасностите за здравјето на децата и вработените.

**Целна група: Децата и вработените во градинките и учениците и вработените во училиштата**

**Рок: 2018-2021 година**

## ДИСЛОКАЦИЈА НА ГАРАЖИТЕ НА ЈКП „ДЕРВЕН“ И ИЗГРАДБА НА НОВО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ ВО НАСЕЛБАТА ТУНЕЛ

Гаражите на ЈКП „Дервен“ наместо во ИЗ „УЗУС“ се наоѓаат на локација што може многу подобро да се искористи за други јавни намени како, на пример, за изградба на основно училиште. Во новиот дел од градот има голем број деца кои секојдневно пешачат по 2 км до основното училиште „Васил Главинов“, така што безбедноста не е на соодветно ниво. Со дислокација на гаражите на ЈКП „Дервен“ и со изградба на ново училиште, голем број ученици нема да пешачат или да бидат превезувани до училиштето „Васил Главинов“. Со тоа, ќе се подобрат условите за школување и безбедноста на учениците.

**Целна група: Многу ученици и нивните семејства**

**Рок: 2020 година**

## ЗАОБИКОЛЕН ПАТ ОД БАШИНО СЕЛО ДО ИЗ „ПРЕВАЛЕЦ“

Непостоењето на обиколен пат околу градот, секојдневно создава големи проблеми поради неопходноста тешките товарни возила и патничките моторни возила што се движат кон и од Чашка, Извор и Богомила, да поминуваат по градските сообраќајници. Тие ја загрозуваат животната средина со издувните гасови што ги испуштаат и со прашините што ги создаваат.

Општина Велес ќе изгради нов обиколен пат од Башино село до ИЗ „Превалец“, така што ќе се редуцира сообраќајот на тешките товарни и патнички возила во градското подрачје, ќе се зголеми безбедноста во сообраќајот и ќе се заштитат граѓаните од тешки издувни гасови од возилата.

Со изградбата на обиколниот пат од Башино село до ИЗ „Превалец“, ќе се подобри одвивањето на сообраќајот на тешките товарни возила и на патничките возила и ќе се намали загадувањето на животната средина. На тој начин, ќе се подобри квалитетот на живеењето на граѓаните на Велес.

**Целна група: Голем број граѓани на Велес**

**Рок: 2021 година**

## ЦЕНТАР ЗА УСЛУГИ НА ГРАЃАНИТЕ

Општината Велес, пред повеќе години, беше лидер во обезбедувањето квалитетни сервисни услуги за граѓаните. Но сегашниот центар е веќе надминат од времето. Затоа е неопходно да се догради зградата на општина Велес, за да се создадат услови за обезбедување квалитетни услуги за граѓаните.

Со изградба на нов Центар за услуги на граѓаните на Велес, тие ќе добиваат брзи и квалитетни услуги од општинската администрација и од надлежните државни органи на едно место. Пред сѐ изводи од матичните книги, уверенија за државјанство, патни документи, возачки дозволи, имотни листови, одобренија за градење и други документи, како и плаќање разни даноци и такси. Во просторот, ќе има и шалтер на Македонски пошти. На овој начин, општина Велес ќе обезбеди интерабилност со државните институции и значително ќе им го олесни пристапот на граѓаните до сите административни услуги. Наместо да талкаат по канцеларии и институции, сите услуги велешани ќе ги добиваат на едно место.

**Целна група: Сите граѓани на Велес**

**Рок: 2019 година**

## ЗАТВОРЕН БАЗЕН ЗА ПЛИВАЊЕ

Велес нема затворен базен за пливање. Тоа значи дека во поголем период од годината љубителите на пливањето немаат можност за пливање. Од истата причина и учениците немаат можност, на часовите по физичко воспитување, да тренираат пливање. Изградбата на нов базен е еден од приоритетите за кои ние ќе се заложиме. Граѓаните на општина Велес ќе добијат нов затворен базен за пливање, изграден според сите пропишани стандарди.

Со изградбата на затворен базен за пливање, во дворот на ООУ „Васил Главинов", спортистите-пливачи и љубителите на спортовите во вода како и учениците, ќе имаат можност да спортуваат. Пливањето е многу добро за развојот на телото на младите луѓе. Затоа, со изградбата на базенот, во значителна мерка ќе се подобри квалитетот на живеењето, пред сѐ на децата, на младите и на спортистите.

Воедно, Велес, за прв пат, ќе добие можност да создава генерации спортисти-пливачи и да придонесе за здравјето на сите граѓани кои ги препознаваат придобивките од овој спорт.

**Целна група: Сите граѓани на Велес и околината**

**Рок: 2021 година**

## РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СПОРТСКАТА САЛА „ГЕМИЏИИ" И НА ГРАДСКИОТ ФУДБАЛСКИ СТАДИОН

На спортската сала ѝ е неопходна фазна реконструкција во повеќе области. Пред сѐ на покривот што прокапува, на теренот што не ги задоволува меѓународните стандарди, на топловодниот систем, на партерот околу зградата и друго. Атлетската патека на Градскиот фудбалски стадион е во ужасно лоша состојба како и дел од трибините, поради што е неопходно да се преземат соодветни дејства за обнова на атлетската патека и за изградба на нова трибина и обнова на дел од постојните трибини.

Со реконструкцијата на спортската сала ќе се разрешат голем број од наталожените проблеми и салата ќе ги исполни условите за играње меѓународни натпревари. Со доградбата, пак, ќе се создадат услови за отворање угостителски содржини и други содржини од спортски и забавен карактер. Во реконструкцијата ќе се користат мерки за енергетска ефикасност што ќе обезбедат одржливост на објектот. Со изведба на нова атлетска патека, спортистите-атлетичари и рекреативците ќе добијат одлични услови за трчање. Со обнова на дел од постојните трибини и со изградба на нова трибина, со потрибински простор, ќе се подобрат условите за следење на натпреварите, а ќе се создадат и услови за развој на спортски, угостителски и трговски дејности во потрибинскиот простор.

**Целна група: Голем број граѓани на Велес**

**Рок: 2018-2021 година**

# МЕСНИ ПРОЕКТИ

## УЗ „9 НОЕМВРИ“

1. Изградба на потпорни ѕидови на улиците: „Игманска”, „Љубљанска”, „8 велешка”, „Пајак Планина”, „Сараевска”, „Киро Ќучук” и „Костурска”
2. Реконструкција на дел од улиците: „Игманска”, „Сараевска”, „Мирка Гинева”, „Љубљанска”, „Стефан Бобев”, „Пајак Планина”, „Никола Вапцаров”, „Киро Ќучук”, „Лазо Трпков”, „Тодор Јанев” и „Костурска”
3. Реконструкција на дел од водоводните мрежи на улиците: „Игманска”, „Сараевска”, „Прва комуна”, „4 Јули”, „Благој Ѓорев”, „Кумановска”, „Љубљанска”, „Стефан Богоев”, „Пајак Планина”, „Никола Вапцаров”, „Киро Ќучук”, „Лазо Трпков”, „Тодор Јанев” и „Костурска”
4. Реконструкција на дел од фекалните канализациони мрежи на улиците: „Игманска”, „Сараевска”, „4 Јули”, „Кумановска”, „Киро Ќучук” и „Костурска”
5. Поставување огради и ракофати на улиците: „Игманска”, „8 велешка”, „Сараевска”, „Никола Вапцаров”, „Стефан Богоев”, „Пајак Планина”, „Тодор Јанев” и „Костурска”
6. Проширување на мрежата за улично осветлување на улиците: „Лазо Трпков”, „Благој Ѓорев”, „Кумановска”, „8 велешка”, „Сараевска”, „Игманска”, „Киро Ќучук”, „Стефан Богоев”, „Лазо Трпков”, „Ленинова” и „Тодор Јанев”
7. Уредување на просторот на ул. „Народен фронт” и на ул. „Кумановска”
8. Реконструкција на тротоарот на дел од улиците: „Киро Ќучук”, „Кумановска” и „Костурска”
9. Поплочување краци на ул. „Сараевска” и на спој на истата улица со ул. „Љубљанска”
10. Изградба на препумпна станица за водоснабдување на високите зони

## УЗ „АЛЕКСО ДЕМНИЕВСКИ“

1. Поплочување или бетонирање на ул. „Петре Милевски“
2. Поплочување или бетонирање ул. „Стефан Бобев“ и поврзување со ул. „Киро Ќучук”
3. Изградба на атмосферска канализација на ул. „Марксова“
4. Реконструкција на плочата над гаражите зад просториите на МЗ „Алексо Демниевски

Бауман” и адаптација за паркинг-простор

5. Изградба на потпорен ѕид на ул. „Игманска“
6. Проширување на паркингот на ул. „Марксова“
7. Реконструкција на пешачката патека покрај железничката пруга
8. Проширување на тротоарот во близина на Македонски пошти
9. Реконструкција на дел од водоводни мрежи на улиците: „Белградска”, „Андон Шурков”и „Марксова”
10. Прифаќање на атмосферските води на ул. „11 Октомври“ пред Сама

## УЗ „ВАСА КОШУЛЧЕВА“

11. Асфалтирање на ул. „Сутјеска“ и на дел од ул. „Крсте Мисирков“
12. Реконструкција на пешачката патека на ул „Вардарска“
13. Оградување на гаражите од спротивната страна на СВР Велес и адаптација на просторот во паркинг-простор
14. Покривање на отворениот канал за атмосферски води кај бифе-скара „Марија“
15. Поплочување на тротоарите на ул. „Енгелсова“
16. Реконструкција на ротондата покрај железничката станица и поставување парна локомотива
17. Изградба на канал за прифаќање на атмосферските води на ул. „Васа Кошулчева“
18. Поплочување на ул. „Васа Кошулчева“
19. Реконструкција на дел од водоводни мрежи на улиците: „Ленинова” и „Енгелсова”
20. Довршување на реконструкцијата на ул. „Васа Кошулчева“

## УЗ „ТУНЕЛ“ И УЗ „КЕРАМИДНА“

1. Изградба на зелен пазар во нас. Тунел
2. Асфалтирање на ул.„Невена Георгиева Дуња” и на ул. „Живко Фирфов“, покрај населбата Хабитат
3. Поставување вештачка трева на игралиштето и реконструкција на трибините и на детскиот забавен парк „Тунел”
4. Довршување и реконструкција на делови од улиците: „Киро Пракицов“, „Невена Георгиева Дуња“, „Живко Фирфов“, „Грозда Кочова“, „Киро Пракицов“, „Роса Плавева“, „Камка Тоцинова“, „Мите Богоевски“, „Киро Чауле“, „Димитрија Чуповски”  и „Неретва“
5. Довршување и реконструкција на делови од тротоарите на улиците: „Луј Пастер“ и „Живко Фирфов“

6. Изградба на потпорни ѕидови на улицата „Роса Плавева“
7. Реконструкција на делови од водоводните мрежи на улиците: „Киро Пракицов“, „Невена Георгиева Дуња“, „Живко Фирфов“, „Димитрија Чуповски“, „Киро Пракицов“, „Славе Георгиевски Сватот“, „Луј Пастер“ и „Мите Богоевски“
8. Проширување на мрежата за улично осветлување на улиците: „Благој Ѓорев“, „Киро Пракицов“, „Живко Фирфов“, „Димитрија Чуповски“ и „Киро Пракицов“
9. Изградба на патеки, или на скалници, за поврзување на краците на ул. „Живко Фирфов“ и за поврзување на ул. „Грозда Кочова” со ул. „Киро Пракицов”, поплочување на спојот на ул. „Киро Чауле“ со ул. „Мите Богоевски” и на паркинг-просторот пред зградата на ул. „Родна Кочова“
10. Уредување на пристап и простор пред зградите на ул. „Благој Ѓорев“, т.н. „Сив дом“

## УЗ „ТРАЈКО КАПЧЕВ“

1. Изградба на скали за поврзување на ул. „Маца Овчарова” со ул. „Ѓорче Петров”
2. Изградба на паркинг-простор на ул. „Коле Цветков” бр. 54
3. Партерно уредување, поплочување, озеленување и опремување со урбана опрема на површини пред колективните станбени згради
4. Реконструкција на дел од водоводната мрежа на: ул. „Маца Овчарова”, ул. „Благој Кирков”, ул. „Јордан Џурнов”, ул. „Јовче Тикваров”, ул. „Боге Николов”, ул. „Коле Цветков”, ул. „Браќа Капчеви”, ул. „Цветан Арсов”, ул. „Благој Страчковски”, ул. „Ѓорче Петров”, ул. „Иво Лола Рибар”, ул. „Јане Сандански” и ул. „Коле Димов Витамин”
5. Изградба на дел од канализационата мрежа на ул. „Благој Кирков”, ул. „Боге Николов”, ул. „Браќа Капчеви”, ул. „Цветан Арсов”, ул. „Прохор Пчински”, ул. „Стефан Богоев” и ул. „Коле Димов Витамин”
6. Поставување ракофати на ул. „Благој Кирков”, ул. „Јордан Џурнов”, ул. „Јовче Тикваров”, ул. „Коле Цветков”, ул. „Загребачка”, ул. „Ордан Џинот”, ул. „Прохор Пчински”, ул. „Вера Циривири”, ул. „Маца Овчарова” над гробиштата
7. Реконструкција на полскиот пат од „Дервенски поток” до „Смрдлива вода”
8. Проширување на уличното осветлување на ул. „Маца Овчарова”, ул. „Благој Кирков”, ул. „Јордан Џурнов”, ул. „Јовче Тикваров”, ул. „Боге Николов”, ул. „Ордан Џинот”, ул. „Прохор Пчински”, ул. „Вера Циривири”, ул. „Стефан Богоев”, ул. „Јане Сандански”

9. Изградба на потпорни ѕидови и огради на: ул. „Јовче Тикваров”, ул. „Коле Цветков”, ул. „Ордан Џинот”, ул. „Славко Давчев”, ул. „Вера Циривири”, ул. „Благој Страчковски”, ул. „Ѓорче Петров”, ул. „Цветан Арсов”, ул. „Стефан Богоев” и ул. „Маца Овчарова”
10. Расчистување на градежниот отпад и изградба на детски забавен парк на ул. „Благој Кирков” и пошумување на теренот со багремови садници

## УЗ „СЛАВЕ ПЕТКОВ“

1. Изградба на плоштадка со урбана опрема на ул. „Љубен Весов”, кај „Вила Зора“
2. Проширување на мрежата на уличното осветлување на улиците: „Глигор Прличев“, „Горна Џумаја“, „Миле Милевски“, „Даме Груев“, „Димко Најдов“, „Благој Леов“ и „Тоше Саздов“
3. Реконструкција на водоводната и канализационата мрежа на ул. „Даме Груев“ на пресекот со ул. „Титовоужичка“ и ул. „Љубен Весов“
4. Изградба на потпорни ѕидови на улиците: „Питу Гули“, „Димко Најдов“, „Рајко Жинзифов“ и „Максим Горки“
5. Реконструкција на делови од водоводната мрежа на улиците: „Глигор Прличев“, „Кирил Пејчиновиќ“, „Миле Милевски“, „Даме Груев“, „Љубен Весов“, „Мирче Ацев“, „Тоше Саздов“, „Славе Петков“ и „Максим Горки“
6. Реконструкција на делови од канализационата мрежа на улиците: „Горна Џумаја“, „Стојан Јаничиевиќ“, „Димко Најдов“ и „Славе Петков“
7. Реконструкција на дел од улиците: „Владимир Назор“, „Стојан Јаникиевиќ“, „Глигор Прличев“, „Питу Гули“, „Даме Груев“, „Љубен Весов“, „Мирче Ацев“ и „9 Ноември“
8. Изградба на паркинг-простор, по претходно купување на стара куќа, на ул. „Љубен Весов“ бр.76 и бр.78
9. Поставување огради и ракофати на улиците: „Глигор Прличев“, „Питу Гули“, „Миле Милевски“, „Славе Петков“, „Љубен Весов“, „9 Ноември“, „Димко Најдов“, „Рајко Жинзифов“, „Благој Леов“ и „Тоше Саздов”
10. Реконструкција на плоштад „Којник“

## УЗ „ТРАЈЧЕ ПАНОВ“

1. Реконструкција на плоштад „Којник“
2. Реконструкција на паркингот на „Којник“
3. Реконструкција на тротоарот на ул. „Самоборска“, кон градската болница и поставување фонтана за пиење вода

4. Реконструкција на пешачка патека „Браќа Поп Јорданови”
5. Реконструкција на дел од ул. „Орце Мартинов”
6. Поставување на маса и клупи, на ул. „Игманска“, во близина на манастирчето
7. Довршување на водоводни и канализациони мрежи во горна зона на ул. „Игманска”
8. Поплочување на дел од ул. „Љубен Весов“
9. Поплочување на дел од ул. „Петре Алчев“
10. Пробивање улица за поврзување на ул. „Љубљанска” со Градската болница

## УЗ „БОГДАН КАРАКОСТЕВ“

1. Изградба на трета лента на влезот во Велес од страна на Штип
2. Реконструкција на дел од водоводната мрежа на ул. „Богдан Каракостев”
3. Изградба на патека за поврзување на ул. „Богдан Каракостев” со ул. „Ристо Најдов” и пешачка патека од „Лукоил“ до патот кај „Спомен-костурница” и нивно осветлување
4. Реконструкција на дел од фекалната канализациона мрежа на ул. „Стојан Бурчевски Буридан“ од ИЗ „Речани“ до р. Вардар и во населбата Речани
5. Изградба на потпорни ѕидови на ул. „Богдан Каракостев”
6. Проширување на мрежата на уличното осветлување на ул. „Богдан Каракостев”
7. Изградба на атмосферска канализција на спојот на ул. „Иво Лола Рибар”, ул.„Петре Прличко” и кај „Варналиите”
8. Реконструкција на дел од ул. „Орце Шутев“, ул. „Ганчо Хаџи Панзов“, ул. „Родна Ивева” кај трето кладенче, ул. „Богдан Каракостев”
9. Изградба на тротоар на регионалниот пат
10. Поставување ракофати на ул.„Стојан Бурчевски Буридан”

## УЗ „ДИМЧЕ МИРЧЕВ“

1. Изградба на скали од „Железен мост“ до паркот
2. Реконструкција на ул. „Кукушка“
3. Изградба на платформа, на излезот од пешачката патека на „Железен мост“
4. Изградба на платформа на влезот и на излезот од пешачката патека на „Железен мост“
5. Уредување на просторот пред зграда „ХИВ”
6. Изградба на заштитна ограда покрај железничката пруга кај Розе-сала
7. Уредување на просторот зад Градската библиотека
8. Реконструкција на скејт-паркот

9. Реконструкција на просторот ка ј фонтаната
10. Реконструкција на паркот „Железен мост“

## УЗ „ПРЕВАЛЕЦ“

1. Тампонирање на улица од игралиштето до затворот
2. Реконструкција на фекалната канализациона мрежа во центарот
3. Асфалтирање на неколку улици од десна страна на населбата
4. Реконтрукција на постоен објект за детска градинка

## МЗ „ГОРНО ОРИЗАРИ“

1. Довршување на фекалната канализациона мрежа со пречистителни станици
2. Реконструкција на дел од водоводната мрежа
3. Изградба на парк
4. Изградба на Дом на културата, со зелен пазар
5. Реконструкција на патот од с. Горно Оризари до „Порцеланка“
6. Проширување на мрежата за улично осветлување
7. Поплочување и бетонирање улици
8. Бетонирање банкини од левата страна на патот до селото
9. Изградба на електрична рампа на железничката пруга Велес – Битола, под с. Горно Оризари
10. Изградба на краци на системот за наводнување

## МЗ „БУЗАЛКОВО“

1. Изградба на препумпна станица и на цевковод за обезбедување вода од градскиот водовод за с. Бузалково
2. Изградба на крак од фекалната канализација и асфалтирање улици во Долно маало
3. Партерно уредување плоштадка во селото
4. Изградба на тротоари на главната улица
5. Реконструкција на училишниот двор
6. Изведба на топловодно греење во училиштето
7. Проширување на мрежата за улично осветлување
8. Асфалтирање улици во Долно маало

## МЗ „ИВАНКОВЦИ“

1. Реконструкција на пречистителната станица
2. Изградба на плоштад
3. Изградба на водоводна мрежа од резервоарот до „Ветекс“
4. Изградба на фекална канализациона мрежа во Горно маало и во Средно маало и уредување на шахтите

5. Проширување на мрежата за улично осветлување до Бунарот, Горно маало, Караџи маало и Горобински пат
6. Изградба на мал покриен зелен пазар
7. Тампонирање споредни улички и на патот до Горобинци
8. Изградба на нова училишна зграда

## МЗ „БАШИНО СЕЛО“

1. Изградба на надвозник преку автопат Скопје – Велес, од с. Башино село до селските гробишта
2. Изградба на трибини, изведба на бушотина за вода и реконструкција на соблекувалните
3. Реконструкција на училишната зграда
4. Реконструкција на локален пат до црквата
5. Проширување на кривината и бетонирање банкини на патот до с. Башино село
6. Поплочување или бетонирање улици
7. Проширување на уличната мрежа
8. Реконструкција на ул. „Оливер Китановски“
9. Изградба на пешачка патека од кафеаната „Џипун“ до „Шорка“
10. Санирање на прекопите на патот од кафеаната „Џипун“ до средсело

## МЗ „СЛИВНИК“, МЗ „КЛУКОВЕЦ“, „РАШТАНИ“, „РЛЕВЦИ“, „СЛП“, „БЕЛЕШТЕВИЦА“, „СОПОТ“, „КАРАБУНИШТЕ“, „ВЕТЕРСКО“, „РУДНИК“, „НОВАЧАНИ“ И „КРУШЈЕ“

1. Изградба на асфалтен пат до с. Сливник
2. Изградба на училиште во Клуковец
3. Довршување на системот за водоснабдување на с. Сливник
4. Изградба на систем за водоснабдување на с. Клуковец поврзан со градскиот водовод
5. Проширување на мрежата за улично осветлување
6. Бетонирање улици во с. Раштани
7. Партерно уредување плоштадки
8. Тампонирање делови од патиштата кон с. Рлевци, с. Белештевица, с. Слп, с. Сопот, с. Карабуниште, с. Ветерско, с. Рудник, с. Новачани и с. Крушје

## МЗ „МАМУТЧЕВО“

1. Доврршување на канализационата мрежа
2. Бетонирање улици
3. Изградба на асфалтно фудбалско игалиште, со трибини и рефлектори
4. Партерно уредување плоштадка во селото

## МЗ „ОТОВИЦА“ И МЗ „СОЈАКЛАРИ“

1. Реконструкција на делови од патот до с. Отовица
2. Партерно уредување на центарот и реконструкција на детскиот забавен парк во с. Отовица
3. Асфалтирање улици во с. Отовица
4. Поврзување на водоводниот систем на с. Отовица со градскиот водовод
5. Доградба на фекалната канализациона мрежа во с. Отовица
6. Партерно уредување плоштадка во с. Сојаклари
7. Реконструкција на зградата на училиштето во с. Сојаклари
8. Бетонирање улици во с. Сојаклари

## МЗ „ЧАЛОШЕВО“ И МЗ „ДУРУТОВЕЦ“

1. Реконструкција на патот до с. Чалошево
2. Бетонирање три улици во с. Чалошево
3. Партерно уредување плоштадка средсело со летовиште
4. Санирање полски патишта
5. Реконструкција на селската водоводна мрежа за поврзување на градскиот водовод
6. Проширување и реконструкција на делови од патот за Дурутовец

## МЗ „КАРАСЛАРИ“ И МЗ „ЦРКВИНО“

1. Реконструкција на системот за водоснабдување во с. Караслари
2. Бетонирање на улицата до црквата и на неколку други улици во с. Караслари
3. Изградба на асфалтно фудбалско игралиште, со трибини и рефлектори, во с. Црквино и с. Караслари
4. Изградба на детски забавен парк во с. Караслари
5. Бетонирање на улицата од трафостаницата до џамијата во с. Црквино
6. Бетонирање на улицата од црквата кон Долно маало во с. Црквино
7. Бетонирање улица кон Горна чешма, во с. Црквино